РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2397/3
16-10-2025 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за прекршување на законските одредби во изборен процес поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 23 - та седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-2397/1 од 03.09.2024 година, против Министерството за --- за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2025 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека подносителот се откажал од поднесената пријава и бара да се запре понатамошното постапување по пријавата.

Предметот со број 12-2397/1 од 03.09.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 03.09.2025 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес во 2025 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека по конкурсот за прием на питомци во Воената академија "---", Министерството за ---на ден 06.08.2025 донело решенија за прием на 25 питомци. Подносителот бил рангиран на 26-то место, но во меѓувреме едно од примените лица се откажало од упис со што било потребно откажаното лице да се замени со следниот кандидат на конечната листа. односно подносителот на пријавата. Според добиени

информации, Министерството за --- одбивало да донесе изменето решение повикувајќи се на изборниот процес и наводни ограничувања од Изборниот законик.

Подносителот на пријавата по пат на електронска пошта, заведена под Наш бр. 12-2397/2 од 10.09.2025 година, се откажал од поднесената пријава и бара да се запре понатамошното постапување по пријавата.

Врз основа на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: З.Б. Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата